СОВЕТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Број 09-430/1, 16-01-2024 година
С К О П Ј Е

ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
С К О П Ј Е

Врз основа на член 33 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.1/2020), донесувам

**РЕШЕНИЕ**
**за свикување на Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода**

Ја свикувам Триесет и четвртата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода закажана за 23.01.2024 година (вторник) со почеток во **11:00 часот**.
За триесет и четвртата седница го предлагам следниот предлог на

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од 32-та пленарна седница
-Усвојување на Записникот од 33-та пленарна седница

1. Предлог – Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кисела Вода;
2. Предлог - Програма за измена и дополна на Програма (надлежност - Ф) урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2024 година;
3. Предлог измена и дополна на Развојна програма - Програма од надлежност ЈАА - изградба на јавно осветлување на територија на Општина Кисела Вода за 2024 – 2026 година;
4. Предлог измена и дополна на Развојна програма - Програма од надлежност ЈНБ - изградба на детски и спортски игралишта и урбана опрема на територија на Општина Кисела Вода за 2024 – 2026 година;
5. Предлог - Програма за измена и дополнување на Програма (Ј) комунални дејности на Општина Кисела Вода за 2024 година;
6. Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата за култура (К4) културни манифестации и творештво и Програма (КА) културни манифестации и творештво – капитални расходи за 2024 година;
7. Предлог – Програма за измена и дополнување на Програмата (Н1) и Програмата (НА) капитални расходи за основно образование за 2024 година;

8. Предлог – Одлука за ставање вон сила на Развојна програма, Програма НАА – основно образование (капитални расходи) изградба на објект – ЗАТВОРЕНО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ООУ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“, н.ПИНТИЈА - Општина Кисела Вода за 2023-2025 година;
9. Предлог - Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година;
10. Предлог – Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода за 2024 година;
11. Предлог – Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за јавните детски градинки на територија на Општина Кисела Вода за 2024 година;
12. Предлог – Правилник за условите, начинот и постапката на давање на користење на термини во јавната установа „Дом на култура Билјана Беличанец“ Општина Кисела Вода - Скопје – Скопје;
13. Советнички прашања;

Седницата ќе се одржи во големата сала во барака 7.

НАПОМЕНА:

Седницата ќе се одржи комбинирано, со физичко присуство и ONLINE, а начинот на поврзување за седницата е преку страната за видео конференција ZOOM.

За евентуална спреченост за присуство на седницата Ве молиме благовремено да бидеме известени на телефон 2785-403.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски

РД/СВ